| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **ИНТЕРНА МЕДИЦИНА–КЛИНИЧКА ПРАКСА** | | | |
| 2. | Код | МЕД - 611 | | | |
| 3. | Студиска програма | **Општа медицина** | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ-Медицински факултет<br>Катедра за интерна медицина | | | |
| 5. | Степен на образование (прв односно втор циклус) | Интегриран циклус | | | |
| 6. | Студиска година/Семестар | Шеста/<br>XI – XII | 7. | Број на ЕКТС кредити | 14 |
| 8. | Наставник | Раководител на катедрата<br>Проф. Д-р Марија Вавлукис<br>*наставата ја изведуваат сите наставници на Катедрата за интерна медицина | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | Добиени кредити (положен испит) од Интерна медицина | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма**<br>Запознавање со дијагностичките и терапевтските процедури од областа на Интерната медицина. | | | | |
| 11. | **Содржина на предметна програма**<br>• Прием на пациент во болнички услови<br>• Особеност на земање на анамнеза и клинички преглед на пациент од областите:<br>· Хематологија<br>· Кардиологија<br>· Ендокринологија<br>· Пулмологија<br>· Гастроентерологија<br>· Нефрологија<br>· Ревматологија<br>· Токсикологија<br>• Создавање на алгоритам на дијагностичка постапка, работна дијагноза и план за лекување на поединечни клинички случаи<br>• Учество во практичната работа на одделите:<br>· анализа на урина<br>· крвна слика и размаска<br>· пре-трансфузиони тестови со соодветна документација<br>· инсерција на уринарен катетер<br>· ректално туше и ректоскопија<br>· ЕКГ (техника и анализа), ултразвучен преглед на КВС, коронарен стрест тест<br>· инвазивна ангиографија (коронарографија, периферна ангиографија и перкутани интервентни процедури)<br>· кардиопулмонална ресусцитација | | | | |

· интерпретација на РТГ на бели дробови
· инјекции (субкутано, интрамускулно, интравенски).

- Набљудување и асистирање на интервенциите:
  · стернална пункција и размаска, биопсија на коска и коскена срцевина
  · плеврална пункција
  · абдоминална пункција
  · инсерција на гастрична туба и гатрична лаважа
  · инсерција на централен венски катетер
  · мерење на централен венски притисок
  · гастроскопија, гастролаважа
  · ендотрахеална интубација
  · механичка вентилација
  · биопсија на бубрег, нефростома
  · урокатетеризација
  · хемодијализа
  · перитонеална дијализа
  · интрартикуларна инјекција, пункција на зглоб, дијализа на зглоб.

Студентот ќе се стекне со теоретски знаења од областа на интерната медицина кои се однесуваат на прием на пациент за болничко лекување, ќе ги запознае особеностите на земање на анамнеза од секоја област, како и особеностите на клиничкиот преглед во различните интернистички области. Ќе ги запознае постапките на поставување на работна дијагноза и план за лекување на поединечни клинички случаи.
Студентот ќе се стекне со вештина на современо клиничко проценување и лекување. Ќе биде оспособен самостојно да направи прием на болен, анализа на урина, крвна слика, пре-трансфузиони тестови со легална документација, инсерција на уринарен катетер, ректално туше, ректоскопија, ЕКГ (техника и анализа), кардиопулмонална ресусцитација, интерпретација на РТГ на бели дробови, инјекции (супкутано, интрамускулно и интравенски).
Ќе ги види и асистира на интервенциите: стернална пункција и размаска, плеврална пункција, абдоминална пункција, инстерција на гастрична туба и гастрична лаважа, инсерција на централен венски катетер, мерење на централен венски притисок, гастроскопија, ендотрахеална интубација, механичка вентилација, перитонеална дијализа.
Наставата ќе се организира во тек на 8 работни недели со полно работно време од 8 часа. Ќе бидат организирани 4 турнуси во текот на XI и XII семестар.
Се одвива во група од по 2-5 студенти на менторски принцип со професори и асистенти. Во тек на турнусот се менуваат одделите и менторите. Секојдневните активности на студентот ќе се бележат во посебен “дневник на активности”, кој ќе бидат верифицијарни со потпис на менторот.

12. Методи на учење:

- Учество на стручните состаноци на клиниката
- Учество на утрински визити
- Учество во секојдневната работа на одделенијата при клиниките за: нефрологија, кардиологија, пулмологија, токсикологија, хематологија, гастроенетрохепатологија, ревматологија и ендокринологија

- **Учество во интервенции од областа на интерната медицина**

<table>
<tr><td>13.</td><td colspan="3">Вкупен расположив фонд на време</td><td>420 часови</td></tr>
<tr><td>14.</td><td colspan="3">Распределба на распложивото време</td><td>320 часови пракса<br>100 часови домашно учење</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Форми на наставните активности</td><td>15.1</td><td>Вежби (лабораториски, клинички), семинари, тимска работа</td><td>Пракса 320 часови</td></tr>
<tr><td>16.</td><td>Други форми на активности</td><td>16.1</td><td>Домашно учење</td><td>100 часови</td></tr>
<tr><td>17.</td><td colspan="3">Начин на оценување</td><td>бодови</td></tr>
<tr><td></td><td>17.1</td><td colspan="3">Студентот е задолжен да присуствува и активно да учествува во праксата во тек на 8 недели (40 работни дена по 8 часа)<br>мин. - макс.<br>Пракса * бодови 60 - 100<br>*присуство: 1.1 бод, активност (вештини): 2.1 бод.</td></tr>
<tr><td>18.</td><td colspan="2">Критериуми за оценување (бодови/оценка)</td><td colspan="2">Студентот треба да освои минимум 60 бода.<br>Оценувањето на студентот е описно (положил)</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="2">Услов за потпис и полагање на завршен испит</td><td colspan="2">Условувачки критериуми:<br>За да добие потпис и да освои минимум бодови за положување, студентот треба да ја посетува праксата и да ги совлада сите активности и вештини предвидени со предметната програма</td></tr>
<tr><td>20.</td><td colspan="2">Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="2">Македонски</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Студенска анонимна евалуација за предметот и наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата</td></tr>
<tr><td>22.</td><td colspan="4">Литература</td></tr>
</table>

22.1 Задолжителна литература

| Р.бр | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Генадиева Ставриќ С. главен уредник | Интерна медицина *(Катедра за интерна медицина, Медицински факултет, во печат)* | Винсент графика Скопје | 2020 |
| 2. | Фаучи, Браунвалд, Каспер, Хаузер, Лонго, Џејмсон, Лоскалцо | Принципи на интерната медицина на Харисон | Скопје: Табернакул, 17 издание | 2012 |
| 3. | Бекли ЛС, Шилаги ПГ. | Бејтсов прирачник за клинички прегледи и земање историја | Скопје: Академски печат, 10 издание | 2012 |
| 4. | Гоулдман Л, Осиело Д. | Сесил Медицина | Скопје: Табернакул | 2012 |
| 5. | Валаш Ж. | Интерпретација на Дијагностичките тестови | Академски Печат, 8 издание | 2013 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 6. | Шварц МХ. | Учебник по физичка дијагноза на болестите: медицинска историја и испитување | Скопје: Табернакул | 2010 |
| | | 7. | Серафимовски В. главен уредник | Интерна медицина | Македонска ризница, Куманово | 2003 |
| | | 8. | Серафимовски В. главен уредник | Интерна пропедевтика | Македонска ризница, Куманово | 2004 |
| | 22.2 | Доплнителна литература | | | | |
| | | Р.бр | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Георгиевска Исмаил Љ, Попоска Л, Трајков И, Ѓоргов Н. | Електрокардиографија Скопје | (COIBSS. MK-ID71834122): | 2008 |
| | | 2. | Гроздановски, Р, Ивановски Н. | Хронична бубрежна болест – превенција, клиника и терапија. Скопје | (COBISS.MK-ID73515018 | 2008 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | • Учество во интервенции од областа на интерната медицина | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | | | 420 часови |
| 14. | Распределба на распложивото време | | | 320 часови пракса<br>100 часови домашно учење |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1 | Вежби (лабораториски, клинички), семинари, тимска работа | Пракса 320 часови |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Домашно учење | 100 часови |
| 17. | Начин на оценување | | | бодови |
| | 17.1 | Студентот е задолжен да присуствува и активно да учествува во праксата во тек на 8 недели (40 работни дена по 8 часа)<br>мин. - макс.<br>Пракса * бодови 60 - 100<br>*присуство: 1 бод, активност (вештини): 1,5 бод. | | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/оценка) | Студентот треба да освои минимум 60 бода. Оценувањето на студентот е описно (положил) | | |